**<u>Образец бр. 2</u>**

## Иницијална проценка на влијание на регулативата

## Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите

### 1. Опис на проблемите

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 20 март 2007 год. го донесе Законот за меѓународни рестриктивни мерки, кој е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 36 од 23 март 2007 год. Спроведувањето на Законот не предизвика неефикасност при спроведувањето на рестриктивните мерки, ниту пак конкретни проблеми. Сепак Извештајот на оценската мисија Moneyval[1], оцени дека иако концептуалната основа на Законот е добра, недостасуваат подетални правила и овластувања за актерите во процесот на имплементација на рестриктивните мерки. Со овој текст на Законот се очекува Moneyval да даде позитивна оценка за оваа област во РМ.

### 2. Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите

Овозможување на брзо, ефективно, целосно и ефикасно спроведување на рестриктивните мерки.
Позитивен извештај на Moneyval Комитетот за правната рамка во РМ за оваа област.
Се очекува овој чекор на Република Македонија да биде позитивно нотиран и од страна на Европската унија и останатите учесници во меѓународниот систем, како конкретен придонес за изградбата на меѓународниот мир и меѓународната безбедност, почитување на човековите права и основните слободи, развој на демократијата и владеењето на правото.

### 3. Идентификација на можни решенија (опции)

Меѓу опцијата за измена на постојниот Закон и донесување на комплетно нов текст, Работната група оцени дека е поцелисходно донесување на нов Закон.

## Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија

---

[1] Република Македонија е членка на Moneyval Комитетот на експерти за евалуација на системите за спречување на перење пари и финансирање тероризам.

**Предложено решение (опција):**

**Донесување на нов Закон за меѓународни рестриктивни мерки.**
**Опис:**

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

  НЕ
- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.
  НЕ

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Нема

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

За Република Македонија, спроведувањето на рестриктивните мерки на Обединетите Нации претставува меѓународно правна обврска, додека пак, придружувањето кон рестриктивните мерки на ЕУ, е составен дел од нејзината надворешна политика и дел од процесот на пристапување во ЕУ. Имено, како

земја-кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија учествува во Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) на ЕУ врз основа на политичката определба да ги сподели целите и приоритетите на оваа значајна заедничка политика на ЕУ и пред нејзиното формално членство во Унијата. Учеството во ЗНБП е повеќеслојно и меѓу другото вклучува придружување кон заеднички позиции со кои се воведуваат рестриктивни мерки од различен вид и распон. Од придружувањето произлегуваат обврски за преземање конкретни мерки за имплементација од страна на надлежните институции на Република Македонија. Учеството во ЗНБП е еден од елементите при оценката на Европската комисија за исполнувањето на критериумите за членство.

Се очекува овој чекор на Република Македонија да биде позитивно нотиран и од страна на Европската унија и останатите учесници во меѓународниот систем, како конкретен придонес за изградбата на меѓународниот мир и меѓународната безбедност, почитување на човековите права и основните слободи, развој на демократијата и владеењето на правото.

## 3. Ризици и претпоставки

## 4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

Врз основа на укажувањата на овој Извештај Владата на Република Македонија донесе Заклучок (бр.19-6306/1 од 22.12.2009) со кој Министерството за надворешни работи се задолжи да формира работна група која ќе ја сочинуваат претставници од релевантни институции со цел донесување на измени на Законот за меѓународни рестриктивни мерки. Оваа активност е наведена и во НПАА. Работната група својот прв состанок го одржа на 31 март 2010 год. и по континуирани консултации и одржани пет состаноци во Министерството за надворешни работи изработи нов предлог Закон за меѓународни рестриктивни мерки. Овој текст беше доставен на мислење во надлежните институции и по добиените сугестии дополнително усогласен со Секретаријатот за законодавство.

Министерството за надворешни работи на Република Македонија, по усогласувањето на текстот на Законот, побара мислење во однос на Предлогот на Закон за меѓународни рестриктивни мерки од: Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Управата за спречување на перење пари и финансирање тероризам, Царинската управа, Министерството за транспорт и врски, Народната банка на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство. По добиените сугестии предлогот на Законот дополнително беше усогласен со Министерството за правда, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и финално со Секретаријатот за законодавство. Во прилог се доставени мислењата од надлежните институции.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

**Донесување на нов Закон за меѓународни рестриктивни мерки.**

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

   **- Агнеза РУСИ, државен советник за Европска унија, Министерство за надворешни работи.**

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

- **Агнеза РУСИ, државен советник за Европска унија, Министерство за надворешни работи.**

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Има влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници: | НЕ |

| | | |
|---|---|---|
| | Своe мислење дадоа следниве организации: | |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | ДА/НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, *име и презиме на министерот,* изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

.......................................................................... Датум: 18.01.2011 год.